Уп. бр.08-142

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Шмиц Каргобул АГ (Schmitz Cargobull Aktiengesellschaft) со седиште на ул. Банхофштрасе 22, 48612 Хорстмар, Германија и Бергер Транспорт Г.м.б.Х со седиште на ул.Банхофсплац 1, 6300 Воргл, Австрија, преку Адвокатско друштво Пепељугоски од Скопје, на седницата одржана на ден 24.10.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Шмиц Каргобул АГ (Schmitz Cargobull Aktiengesellschaft) со седиште на ул. Банхофштрасе 22, 48612 Хорстмар, Германија и Бергер Транспорт Г.м.б.Х со седиште на ул.Банхофсплац 1, 6300 Воргл, Австрија стекнуваат заедничка контрола над Бергер Фарцоигтехник Г.м.б.Х Австрија (Berger Fahrzeugtechnik Ges.m.b.H)**,** со седиште на ул. Ретенбах бр. 10а, 6241 Радфелд, Австрија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 25.09.2023 година а дополнето на 13.10.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Шмиц Каргобул АГ (Schmitz Cargobull Aktiengesellschaft) со седиште на ул. Банхофштрасе 22, 48612 Хорстмар, Германија и Бергер Транспорт Г.м.б.Х со седиште на

ул.Банхофсплац 1, 6300 Воргл, Австрија, со која Шмиц Каргобул АГ Германија и Бергер Транспорт Г.м.б.Х Австрија стекнуваат заедничка контрола над Бергер Фарцоигтехник Г.м.б.Х Австрија (Berger Fahrzeugtechnik Ges.m.b.H), со седиште на ул. Ретенбах бр. 10а, 6241 Радфелд, Австрија. Имено, Шмиц Каргобул АГ Германија ќе стекне 49% удел во друштвото Бергер Фарцоигтехник Г.м.б.Х Австрија, додека останатиот дел од уделите остануваат на продавачот Бергер Транспорт ГмбХ. Оттука, Шмиц Каргобул АГ и Бергер Транспорт ГмбХ ќе има заедничка контрола над Бергер Фарцоигтехник Г.м.б.Х Австрија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Шмиц Каргобул АГ Германија е фамилијарно друштво со седиште во Германија кое произведува и дистрибуира полу-приколки и приколки. Тој произведува производи за транспорт на стоки во различни индустрии, вклучувајќи храна, пијалоци, замрзнати стоки, фармацевтската индустрија, земјоделството и шумарството, пошта, градежни материјали и автомобилската индустрија.

Акциите во Шмиц Каргобул АГ Германија подеднакво се поделени помеѓу фамилиите на Бернхард Шмиц, Андреас Шмиц и Дирк Хофман. Дирк Хофман исто така има удели во висина од 50% во друштвото EWT Truck & Trailer Handels GmbH.

Шмиц Каргобул АГ Германија вообичаено ги дистрибуира своите производи директно преку локални друштва/подружници. Во Полска, Чешка и Словачка новите и користените возила во поголем дел се продаваат преку EWT Truck & Trailer Handels GmbH.

Дополнително на споменатиот деловен сегмент, Шмиц Каргобул АГ Германија нуди и услуги на додадена вредност, поточно финансиски понуди (деловно купување, лизинг), договори за целосна услуга, добавување на резервни делови и телематика на приколки.

Шмиц Каргобул АГ Германија е присутен на пазарот на територија Република Северна Македонија како единствен основач на Друштвото за трговија и услуги ШМИЦ КАРГОБУЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден со седиште на ул. 34 бр. 3, 1000 Скопје, со претежна дејност неспецијализирана трговија на големо.

Бергер Транспорт Г.м.б.Х Австрија е дел од Бергер Групацијата која е составена од четири домашни и шест странски друштва и е активна во следните области: логистика, производство на возила и сервисни услуги.

Бергер Транспорт Г.м.б.Х Австрија не е присутно на пазарот на Република Северна Македонија и нема било каков приход во 2022 година.

Бергер Фарцоигтехник Г.м.б.Х Австрија е друштво кое е специјализирано во дизјанирање и производство на опрема за лесен трнспорт, поточно лесни завесни полу-приколки и дизајни на шасии за танкери. Дополнително на ова, фокусот и искуството на друштвото е во областа на лесни конструкции и оптимизација на носивост. Производството е наменето за различни индустрии вклучително и храна, пијалоци, градежни материјали, пошта, општ товар, но и посебни решенија.

Бергер Фарцоигтехник Г.м.б.Х Австрија не е присутно на пазарот на Република Северна Македонија и нема било каков приход во 2022 година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**